КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## ДЕКЕМВРИ 2020




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Почетокот на вакцинацијата против Корона вирусот и позитивната перцепција на пазарите после претседателските избори во Соединатите Американски Држави го продолжија растот од претходниот период, што резултираше и до нови рекордни нивоа кај повеќе индекси на капитал.
Во текот на месец декември глобалните пазари на капитал пораснаа за 4,53% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Најголем раст во текот на месецот имаа акциите во земјите во развој чија вредност се зголеми за 7,15% (мерени преку MSCI Emerging Market индексот) и акциите од Азија - Пацифик регионот со раст од 5,65% (мерени преку MSCI Asia - Pacific индексот).

Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаат акциите од Азија - Пацифик регионот со раст од 17,15% , а пад на вредноста имаат само европските акции, чија вредност се намали за 4,04% (мерени преку STOXX 600 индексот).




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
Извор: Блумберг

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk



# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 5,07%, со што индексот заврши со вредност 1,20% повисока во споредба со нивото од почетокот на годината.

Во текот на месецот акции кои имаа значителен раст беа акциите на Македонија Турист со раст од 12,62% и Гранит Скопје со раст од 8,89%, а мал пад имаа само акциите на НЛБ Банка чија вредност се намали за 0,67%.

Од почеток на годината најголем пад на вредноста имаат акциите на Македонија Турист со пад од 25,99% и ТТК Банка со пад од 13,12%, а за истиот период најголем раст имаат акциите на Алкалоид со раст од 10,98% и акциите на Комерцијална Банка со раст од 9,80% .




Извор: Блумберг



## ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Неизвесноста во економијата предизвикана од корона-вирусот, како и мерките кои беа превземени од централните банки доведе до голема волатилност на приносите и цените на државните обврзници.

Од почеток на годината значителна волатилност имаа македонските, руските, италијанските и американските државни обврзници. На крајот на месец декември највисок принос од анализираните обврзници имаа руската обврзница со принос од 2,39% и македонската обврзница со принос од 1,20%, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,57% и -0,55% соодветно.

### Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 01/18/2025
Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец декември најголем пад во однос на еврото имаше американскиот долар (USD) која ја намали вредноста во однос на еврото за дополнителни 2,37%, додека најголем раст имаше австралискиот долар (AUD) со раст од 2,27%.

Од почеток на годината најголем пад во однос на еврото имаат руската рубља (RUB) чија вредност се намали за 22,92% и американскиот долар (USD) со пад од 8,22%, а единствено австралискиот долар (AUD) и швајцарски франк (CHF) ја зголемија вредноста во однос на еврото за 0,64% и 0,38% соодветно.




Извор: Блумберг